# 93. ЦВЕТИНИТЕ ОЧИ ЧЕРЕШОВИ




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

## 93. ЦВЕТИНИТЕ ОЧИ ЧЕРЕШОВИ

Цветините очи черешови
сношти ги видов расплакани,
Цветано моме убава,
што си ми Цвете нажалена,
што си ми Цвете нажалена,
нажалена, расплакана.

2. Дали ти е мајка умрела,
или е болен татко ти,
или те Цвете посвршија
за тоа лудо што не сакаш.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

3. Ниту ми е мајка умрела,
ниту е болен татко ми
либето војник ми замина
за таа града Битола.

4. Од него писмо јас немам,
затоа сум толку нажалена,
затоа сум толку нажалена,
нажалена, расплакана.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996